# Age
# Contact
# Perceptions

Возраст
Контакт
Перцепции

Mosha
Kontakti
Perceptimet

Yaş
Temas
Algilama

OSCE AGE - CONTACT - PERCEPTIONS How schools shape relations between ethnicities

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
**Spillover Monitor Mission to Skopje**

# Возраст
# Контакт
# Перцепции

## Како Училиштата ги Оформуваат Релациите Помеѓу Етничките Заедници

Јануари 2010

# Содржина


Благодарност ..... 40

Предговор ..... 41

Методологија ..... 42

Инструмент ..... 42

Примерок ..... 42

Методолошки објаснувања ..... 43

Резултати ..... 44

Ставови кон различни етнички заедници ..... 44

Возраст на формирање свесност за различни етнички групи ..... 44

Фактори на формирање на свесност за етничките групи ..... 45

Чувства кон другите етнички заедници ..... 45

Позитивни чувства ..... 46

Развој на позитивните чувства ..... 47

Регионални разлики ..... 47

Полови разлики ..... 47

Негативни чувства ..... 47

Развој на негативните чувства ..... 48

Регионални разлики ..... 49

Полови разлики ..... 49

Честота на контакт со другите етнички заедници ..... 49

Честота на контакт и чувства кон другите етнички заедници ..... 50

Регионални разлики во честотата на контакт ..... 50

Училиштето и меѓуетничките односи ..... 51

Фактори од училиштето кои влијаат на формирање ставови за етничките заедници ..... 51

Наставници ..... 51

Соученици ..... 52

Учебници ..... 52

Причини за непријателства помеѓу ученици од различна етничка припадност во училиштето ..... 53

Улогата на училиштето во унапредување на меѓуетничките односи ..... 54

Студија на случај – Струга ..... 56

Заклучок ..... 57

Препораки за идните активности и истражувања ..... 58

Прилози ..... 59

ПРИЛОГ 1: ПРАШАЛНИК ..... 59

ПРИЛОГ 2: ЛИСТА НА УЧИЛИШТА ..... 61

ПРИЛОГ 3: ТАБЕЛИ ..... 63

# Благодарност

Оваа студија е дизајнирана од Јоханн Шустередер, Референт за Развој на Образованието и Емилија Симоновска-Јаначковска, Асистент во Образовната програма при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Прибирањето на податоците и подготовката на нацрт студијата ја изврши Центарот за развој и креирање политики.

Одделот за Образование при Мисијата на ОБСЕ во Скопје ја истакнува големата благодарност до Министерството за Образование и Наука и до директорите на училиштата за нивната активна поддршка. Исто така Одделот им се заблагодарува и на преведувачите Злата Брајовиќ и Џесика Мангскау (англиски превод), Скендер Мехмети (албански превод) и Мерал Асимов (турски превод) како и на колегите од Мисијата на ОБСЕ кои ја овозможија оваа студија.

Авторски права:
Мисија на ОБСЕ во Скопје
Зграда на КЈУБИ во Скопје
11 Октомври бр.25

www.osce.org/skopje



# Предговор

Оваа студија ја изработи Одделот за образование при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Целта на оваа студија е да овозможи подобро разбирање на перцепциите и однесувањата кои доминираат помеѓу средношколците во релациите со нивните врсници од останатите етнички групи. Студијата им овозможи на младите луѓе да ги изразат своите погледи за еден предмет кој ги засега нив директно, но досега било дискутирано само од возрасни. Исто така, проектите, програмите и практиките на ова поле беа развивани и спроведувани, во голема мерка, без да се земат предвид погледите и ставовите на целната група. Оваа студија е првиот чекор кон подетаљно разбирање на моменталната ситуација.

Мисија на ОБСЕ во Скопје
Оддел за образование

Скопје, јануари 2010

# Методологија

## Инструмент

Основен инструмент за прибирање на податоци беше **прашалник** (види прилог 1) составен од 18 прашања, од кои три демографски. Првиот дел од прашалникот се однесува на ставовите на учениците кон останатите етнички групи, вклучително и возраста и факторите на формирање на овие ставови. Вториот дел има за цел да ги испита мислењата на учениците за начините на кои училиштето се справува со етничките разлики, како и причините за несогласувањата во училиштата настанати врз етничка основа.

Пред да биде зададен на планираниот примерок, прашалникот беше пилотиран на 60 ученици (Македонци и Албанци) од еден град, со цел да се утврди разбирањето на прашањата). Врз основа на коментарите на учениците, дел од прашањата беа модифицирани.

**Обработката на податоците** се изврши во SPSS пакетот, при што се анализираше релацијата помеѓу факторите во училиштето (наставници, соученици, учебници и сл.) со честотата на контакт и ставовите кон различни етнички групи. Анализата на податоците е прикажана одвоено за учениците Македонци, Албанци и Турци, додека испитаниците од останатите етнички групи, поради недоволната бројност да бидат анализирани поединечно, се групирани и ставени во категорија – други.

## Примерок

Примерокот опфати 4032 ученика од втора и трета година средно образование од 40 средни училишта во земјата (види листа на училишта во прилог 2). При изборот на училиштата се водеше грижа за вклучување на различни типови на училишта (гимназии, средни стручни и уметнички), со цел да се опфатат различни категории на ученици. Теренското истражување беше спроведено во периодот од 1 до 5 јуни, 2009 година

Анкетарите ги задаваа прашалниците на околу 100 ученици (т.е. 3-4 одделенија) од секое училиште, водејќи грижа за застапеноста на ученици од различни етнички заедници. Прашалниците се задаваа на три јазици (македонски, албански и турски), во согласност со наставниот јазик на испитаниците.

**Карактеристиките на примерокот се следниве:** Примерокот е релативно рамномерно распределен според **полова припадност**, 50.3% се машки, 48.4% женски, додека преостанатите не се изјасниле.

| Град | Број | % |
|---|---|---|
| Скопје | 601 | 14,9 |
| Куманово | 204 | 5,1 |
| Кратово | 97 | 2,4 |
| Крива Паланка | 100 | 2,5 |
| Свети Николе | 100 | 2,5 |
| Штип | 199 | 4,9 |
| Радовиш | 100 | 2,5 |
| Струмица | 95 | 2,4 |
| Валандово | 98 | 2,4 |
| Велес | 200 | 5,0 |
| Неготино | 110 | 2,7 |
| Крушево | 102 | 2,5 |
| Прилеп | 200 | 5,0 |
| Битола | 300 | 7,4 |
| Ресен | 100 | 2,5 |
| Демир Хисар | 101 | 2,5 |
| Охрид | 200 | 5,0 |
| Струга | 218 | 5,4 |
| Кичево | 96 | 2,4 |
| Дебар | 100 | 2,5 |
| Макеоднски Брод | 109 | 2,7 |
| Гостивар | 140 | 3,5 |
| Тетово | 462 | 11,5 |
| Вкупно | 4032 | 100,0 |

Бројноста на испитаниците по градови е определена во зависност од бројот на средни училишта во секој град и соодветствува со бројноста на населението во овие градови.

Процентот на испитаници според **етничка припадност** (графикон 1) во голем дел одговара на етничката слика

***Графикон 1:*** **Поделба на испитаниците по етничка припадност**




на населението, особено во поглед на застапеноста на учениците од македонска, албанска и турска етничка припадност[1]. Најголемиот проблем беше да се анкетираат соодветен број на средношколци Роми, поради нивната слаба опфатеност во средното образование. Поради тоа, вкупниот број на испитаници Роми е 18 или 0.4% од целиот примерок.

## Методолошки објаснувања

Основните статистички показатели кои беа користени во анализата на податоците се: **проценти и кростабулации**, преку пресметување на статистичките разлики во дистрибуцијата на податоците.

Секаде во текстот каде што се споменува постоење на разлики, се мисли на **статистички значајни разлики**. Тоа значи дека конкретната дистрибуција на резултатите не се јавила случајно, и дека во популацијата од која е извлечен примерокот, исто така, постои разлика во дистрибуцијата на различните варијабли. На пример, разликата помеѓу одговорите на Македонците и Албанците на прашањето - дали нивната етничка група е соодветно претставена во учебниците, не се јавила како резултат на случајност, туку со високо ниво на веројатност (од 99% или95%) се очекува истата да постои во популацијата на средношколци Македонци и Албанци.

Со цел утврдување на поврзаноста помеѓу одредени варијабли беше користен **Хи квадрат ($x^2$) тестот** кој служи за утврдување на независноста на 2 варијабли, т.е. дали тие се поврзани и заеднички варираат. На пример, дали почестиот контакт на Македонците со Албанците е поврзан со имање на позитивни чувства кон истите или не постои поврзаност.

Во текот на истражувањето се јавија неколку методолошки проблеми, за чие надминување или минимизирање беа преземени соодветни мерки. Најпрво, осетливата тематика на истражувањето претставуваше закана за валидноста на одговорите, имајќи предвид дека од учениците беше побарано да искажуваат негативни чувства кон определени етнички

*1 Според последниот попис на населението во 2002 година, како етнички Македонци се изјасниле 64.1% граѓани, 25.1% како етнички Албанци, а 3.8% како Турци.*

групи, во период на високи етнички тензии во одредени заедници. Со цел да се зголеми искреноста во одговорите на учениците беа направени напори за задавање на прашалници на нивниот наставен јазик (кој најчесто е и мајчин јазик), како и ангажирање на анкетари кои го говорат соодветниот јазик. На тој начин, беше создадена атмосфера на сигурност во 'својата група', со цел послободно изразување на ставовите.

Иако најголемиот дел од **прашањата** во прашалникот се од затворен тип, две (прашање 3 и 5) се **отворени**, за да се намали насочувањето на учениците кон одредени алтернативи и да се иницираат нивните спонтани одговори. Сепак, за дел од нив ова претставуваше потешкотија, особено поради фактот што од нив се бара конкретно да посочат етнички групи кон кои негуваат негативни чувства.
Исто така, во текот на обработката на податоците беа забележани пропусти кои, веројатно, произлегуваат од **недоследното читање на инструкциите** од страна на учениците. На пример, иако во дел од прашањата е нагласено дека не треба да ја наведуваат својата етничка група, помал дел од испитаниците одговарале спротивно на упатствата. Сепак, имајќи предвид дека нивниот процент е помал од 5, валидноста на податоците не е доведена во прашање.

На крај, можни се нејаснотии во **разбирање на прашањата и одредени концепти**, како на пример: 'активно унапредување на позитивните меѓуетнички односи', 'свесност за различните етнички групи', 'чест и редок контакт' и сл. Со цел намалување на недоразбирањата и што поголемо унифицирање на значењата на терминологијата, анкетарите беа обучени да им ги разјаснуваат прашањата и концептите на учениците во текот на пополнувањето на прашалникот, доколку тоа е побарано од нив.

# Резултати

## Ставови кон различни етнички заедници

Првиот дел од прашањата имаа за цел да ги испитаат главните фактори на влијание врз формирањето на свесност за различните етнички групи во земјата, позитивните и негативните чувства кон одредени заедници, како и возраста на развивање на овие чувства. Исто така, намерата беше да се утврди поврзаноста на честотата на контакти кон поединечни заедници со позитивните и негативните чувства кон истите.

### Возраст на формирање свесност за различни етнички групи

Генерално, испитаниците одговориле дека дознале за постоењето на различните етнички групи во периодот на основното образование (на возраст од 6 до 9 и од 10 до 14 години). Испитаниците од турска националност во значително поголем број одговориле дека развиле свесност на возраст од 2 до 5 години во споредба со оние од македонска и албанска националност, додека вторите во поголем број од Турците се изјасниле дека ја развиле свесноста во периодот помеѓу 10 и 14-годишна возраст (види графикон 2 и табела 1 во прилог 4)[2].

***Графикон 2:*** **Возраст и свест за етничките групи**




*2 Со прашањето се испитуваше мислењето на учениците за периодот на развивање на свесноста, што не мора да значи дека наведените возрасти соодветствуваат со реалната возраст на формирање свест за етничките различности*



***Графикон 3:*** **Фактори кои влијаат врз свеста за етничките групи**




### Фактори на формирање на свесност за етничките групи

За целиот примерок, највлијателен фактор за формирање на свесност кон различните етнички групи се родителите (28%), по што следуваат медиумите (23.7%) и пријателите (22.1%) (графикон 3). Сепак, постојат значајни разлики во важноста на овие фактори кај учениците од различни етникуми. Па така, поголем број ученици Албанци, родителите и наставниците ги сметаат за значајни отколку Македонците и Турците. Од друга страна, за поголем број ученици Македонци медиумите се значаен фактор во споредба со Албанците и Турците. И конечно, учениците Турци во поголем број ги сметаат пријателите за значаен фактор во споредба со Македонците и Албанците. Помеѓу останатите фактори, нема значајни разлики помеѓу различните етнички групи. Соучениците и учебниците, според мислењето на сите испитаници имаат мало влијание врз формирање на свеста за различните етникуми.

### Чувства кон другите етнички заедници

Учениците од различни етнички заедници искажаа различни ставови во поглед на нивниот однос (позитивен и негативен) кон останатите етникуми. Особено, се издвојуваат перцепциите на Македонците и Албанците и во поглед на позитивните и негативните чувства едни кон други.

## Позитивни чувства[3]

Генерално, Македонците во најголем број искажуваат позитивни чувства кон Србите (40%) и Турците (26.9%), а во нешто помал број кон Ромите (17.3%) и Албанците (13.1%).

Повеќето од половината Албанци се изјасниле дека имаат позитивни чувства кон Турците (58%), една третина кон Македонците (33%), зад кои следуваат Ромите (10.4%) и Бошњаците (8.9%).

Најголем број од Турците, пак, искажале позитивни чувства кон Македонците (56.5%) и Албанците (50.3%)[4]. (види графикон 4 и табела 3 во прилог 4)

**Насоки за читање на графиконот:** Од десната страна на графиконот со три различни бои се претставени трите етнички групи (Македонци, Албанци и Турци) чии ставови кон другите групи се проценуваат. Етничките групи кои се претставени на хоризонталната оска се оние кон кои се искажани позитивни чувства. Столбовите го означуваат процентот на испитаници Македонци, Албанци и Турци кои се изјасниле дека имаат позитивни чувства кон секоја од етничките групи прикажани на хоризонталната оска.

Податоците укажуваат дека ставовите кон останатите етникуми се делумно одредени од религиската припадност (на пример, Македонци-Срби; Албанци-Турци и сл.), која е поврзана со блискоста во традициите и обичаите. Сепак, ова не е правило, па може да се забележи дека учениците Турци имаат прилично позитивен став и за Македонците и за Албанците.
Она што е карактеристично е немањето на реципроцитет во поглед на позитивните чувства кон преостанатите заедници. Додека една третина од Албанците искажале позитивни чувства кон

***Графикон 4:* Позитивни чувства кон другите етнички групи**




3 Процентите се изведувани само од оние испитаници кои одговориле на прашањето. Процентот на оние кои не одговориле на прашањето е 22.8%
4 Поради фактот што на прашањето беа дозволени повеќе од еден одговор, збирот на процентите е повисок од 100.



Македонците, само 13% од вторите ги споделуваат истите чувства кон Албанците. Исто така, двапати помалку Македонци искажале позитивни чувства кон Турците отколку обратно. Очигледен е заклучокот дека колку е поголема/побројна етничката група, толку помалку нејзините членови искажуваат позитивни чувства кон другите заедници. Тие, веројатно, се перцепираат како доволни самите на себе и не чувствуваат потреба од ‘сојузници’.

## Развој на позитивните чувства

Иако најголемиот број испитаници одговориле дека станале свесни за другите етнички групи на возраст помеѓу 6 и 14 години, околу половината тврдат дека развиле позитивни чувства после 10-годишна возраст, а околу 20% после 14-годишна возраст (види табела 4 во прилог 4). Значи, позитивните чувства, веројатно, не се развиваат истовремено со свеста за етникумите, туку на поголема возраст. Овој податок е особено значаен во поглед на можноста за преземање активности за развивање на позитивни чувства кон другите заедници на помала возраст.

Сепак, постои значајна разлика помеѓу Македонците и Турците, со тоа што вторите во поголем број се изјасниле дека ги развиле позитивните чувства на возраст од 6 до 9 години, додека поголем број од првите изјавиле дека тоа се случило после 14-годишна возраст.

Оваа ситуација е разбирлива имајќи предвид дека поголем број од учениците Турци живеат во етнички мешани средини во споредба со Македонците, што подразбира дека тие се сретнале со концептот на различни етнички групи порано во животот, и следствено оформиле однос кон поединечните етникуми.

## Регионални разлики

Анализата на податоците според градови во кои се наоѓа училиштето укажа на големи регионални варијации во поглед на искажаните позитивни чувства, особено помеѓу Македонците и Албанците. Во етнички мешаните градови каде учениците од овие две етнички заедници учат заедно (Скопје, Куманово, Струга, Тетово), позитивните чувства помеѓу двете заедници се на доста ниско ниво. Сепак, значително поголем број од Албанците искажуваат позитивни чувства кон Македонците (околу 30%), за разлика од Македонците кои во помал број искажуваат позитивни чувства кон Албанците (од 2.6% во Струга до 14.7% во Тетово).

Состојбата со позитивните чувства на Македонците кон Албанците е слична и во градовите каде македонското население е доминантно во бројност (на пример, Битола, Штип, Струмица). Во поглед на изразените позитивни перцепции се издвојува Дебар (со мнозинско албанско население) каде 36% од Македонците се изјасниле дека имаат позитивни чувства кон Албанците.

## Полови разлики

Процентот на испитаници кои изразиле позитивни чувства кон другите етнички заедници, генерално, не се разликува по пол. Единствената забележана разлика е помеѓу учениците Албанци, каде ученичките во поголем број искажале позитивни чувства кон Македонците (40.5%) во споредба со нивните соученици од иста националност (25.6%).

## Негативни чувства[5]

Разликите помеѓу Македонците и Албанците се најевидентни во искажаните негативни перцепции. Учениците од двата етникума искажуваат убедливо најмногу негативни чувства едните кон другите, во споредба со негативните чувства искажани кон другите заедници. Повеќето од половината (53.7%) од учениците Македонци се изјасниле дека имаат негативни чувства кон Албанците, а повеќе од третина (37.6%) од Албанците изразиле негативни чувства кон Македонците. Освен кон Албанците, Македонците во 15.6% искажале негативни чувства кон Ромите, додека другите заедници се застапени во многу мал процент. Албанците, пак, во значаен процент искажале негативни чувства кон Србите (29%) и Ромите (17.9%) (види графикон 5).

5 Процентите се изведувани само од оние испитаници кои одговориле на прашањето. Процентот на оние кои не одговориле на прашањето е 19.1%

Учениците од турска националност во најголем процент се изјасниле дека имаат негативни чувства кон Албанците (40.9%), а во помал број кон Србите (19.1%), Македонците и Ромите (по 10%).

Само мал број од испитаниците (6.7%) одговориле дека воопшто немаат негативни чувства кон другите етникуми. Тоа најчесто е случај кај Македонците и Турците.

Треба да се потенцира податокот дека помеѓу Македонците и Албанците негативните чувства се далеку подоминантни во споредба со позитивните, и тие во просек набројуваат повеќе етнички групи кон кои имаат негативни отколку позитивни чувства. Ова не зачудува имајќи ја предвид севкупната општествена атмосфера во која постојано се нагласуваат разликите помеѓу етничките заедници (особено помеѓу Македонците и Албанците) во поглед на различни општествени прашања, истовремено занемарувајќи ги аспектите кои ги спојуваат двете групи.

## Развој на негативните чувства

Речиси половината од испитаниците одговориле дека негативните чувства започнале да ги развиваат по 10-годишна возраст (27,9% од 10 до 14 години и 21% по 14 години). Најголем дел од овој процент се однесува на учениците Македонци и Албанци, додека речиси половината од учениците Турци не одговориле на ова прашање (види табела 6 во прилог 4). И за развојот на негативните чувства важи истото правило како кај позитивните чувства, т.е. тие вообичаено се развиваат по стекнувањето со свест за постоењето на различни етнички групи.

## Регионални разлики

Регионалните разлики во поглед на искажаните негативни чувства помеѓу учениците Македонци и Албанци се уште поголеми од оние забележани во случајот на позитивните чувства.

***Графикон 5:*** **Негативни чувства кон другите етнички групи**




Обострaните негативни чувства на двете заедници се најизразени во Струга каде 98% од Македонците и 96% од Албанците искажале дека имаат негативни чувства кон другата етничка заедница.

Во останатите етнички мешани градови, негативните чувства помеѓу двете заедници, исто така, се подоминантни од позитивните и во значително поголем број се искажани од страна на Македонците кон Албанците (53.7% во Скопје, 82.4% во Тетово и 73.3% во Куманово), отколку од страна на Албанците кон Македонците (37.6% во Скопје, 53.3% во Тетово и 28.4% во Куманово).

Во градовите каде македонското население е доминантно во бројност, помалку од половината ученици Македонци искажале негативни чувства кон Албанците (38% во Битола, 37% во Струмица, 47% во Штип и 48.5% во Велес)[6].

Доста е веројатно дека во етнички мешаните градови македонското население во поголема мера го перцепира албанското како закана (за идентитетот, територијата, традицијата и сл.) и следствено, почесто развива негативни перцепции кон истото. Од друга страна, во етнички 'чистите' градови ваквите тензии не се чувствуваат директно, што ги намалува негативните перцепции.

## Полови разлики

Во поглед на негативните перцепции, се забележуваат разлики врз основа на полот на испитаниците кај двете најголеми етнички групи. Поголем дел од момчињата Македонци, во споредба со девојчињата изјавиле дека имаат негативни чувства кон Албанците (68.3% наспроти 58.7%). Истовремено, поголем дел од девојчињата се изјасниле дека немаат негативни чувства кон ниту една етничка група (15.5% наспроти 8.5%).

Поголем дел од учениците Албанци искажале негативни чувства кон Македонците во споредба со нивните соученички од иста националност (51.7% наспроти 43.8%). Од друга страна, пак, ученичките Албанки во поголем број имаат негативни чувства кон Ромите во споредба со нивните соученици Албанци (28% наспроти 18.6%).

Очигледно негативните чувства помеѓу двете најголеми етнички групи (Македонците и Албанците), иако прилично изразени помеѓу ученичките , се најзастапени помеѓу машките ученици. Ова е очекувано имајќи предвид дека директните непријателски односи (на пример, тепачки, вербални расправии и сл.) најмногу се манифестираат од страна на момчињата.

## Честота на контакт со другите етнички заедници

Во поглед на фреквенцијата на контакт со различните етнички групи во рамките на училиштето, најчести се контактите со Македонците, со кои 41.5% од учениците од не-македонско етничко потекло имаат чести контакти, што е и разбирливо имајќи предвид дека се мнозинско население. Значаен дел од испитаниците од неалбанско потекло (40%) воопшто немаат контакти со Албанци во училиштето, додека 33.7% имаат ретки контакти. (види табела 7 во прилог 4)

Резултатите укажуваат дека учениците од македонска националност се најизолирани во рамките на својата етничка група. Речиси половината (46%), воопшто, немаат контакти со Албанците, а околу 40% не контактираат со Турци и Роми. Само околу 20% од нив изјавиле дека имаат чести контакти со Турците и Србите, а околу 15% со Албанците и Ромите.

Учениците Албанци во најголем број се изјасниле дека имаат чести контакти со Македонците (40%), а двојно помалку со Турците (20%). Најголем број од нив (над 60%), воопшто, немале контакти со Роми во училиште.

Турците, според нивните изјави најмногу се во контакт со другите етнички групи. Најголем дел од нив (66,3%) изјавиле дека имаат чести контакти со Македонците, 48% со Албанците, а 20,7% со Ромите.

*6 Иако во Битола и Велес има етничко албанско население, и од скоро паралелки на албански јазик, сепак, неговата бројност е занемарлива во споредба со гореспоменатите градови/региони.*

Најмногу контакти со Србите имаат Македонците, додека Албанците и Турците многу поретко (81% од првите и 68% од вторите, воопшто, немаат контакт).

**Не постојат полови разлики** во поглед на честотата на контакт со различните етнички заедници.

## Честота на контакт и чувства кон другите етнички заедници

Очекувано е честотата на контакт да биде поврзана со ставот кон одредена етничка заедница. Истражувањето покажа дека ваква поврзаност постои, иако релацијата на врската не може да се утврди (т.е. дали фреквенцијата на контакт влијае на чувствата или, пак, чувствата ја одредуваат фреквенцијата на контакт).

Она што е значајно е дека во случајот на учениците Македонци, почестите контакти со Турците, Албанците и Ромите се поврзани со постоење на позитивни чувства кон овие заедници, додека ретките контакти или немањето на контакт е поврзано со постоење на негативни чувства кон истите заедници. Идентичен е случајот со учениците Албанци каде најголем процент од оние кои имаат чести контакти искажале позитивни чувства кон Македонците и Ромите, додека најголем број од оние кои немаат контакти – негативни чувства. Би можело да се претпостави дека овие контакти не значат само заедничко коегзистирање во одредена средина, бидејќи тоа само по себе нужно не обезбедува контакт, туку подразбираат поактивна интеракција помеѓу заедниците.

## Регионални разлики во честотата на контакт

Интересно, во некои градови каде големо мнозинство од населението е македонско, но постои и помал број албанско население ( на пример, Битола, Ресен , Демир Хисар), учениците Македонци се изјасниле дека имаат почести контакти со Албанците отколку во градови каде населението е мешано (на пример, Гостивар, Тетово, Кичево). Ова, веројатно, се должи на неопходноста од поголема интеракција на албанските ученици со Македонците во заедниците каде вторите доминираат по бројност и каде 'затворањето' на Албанците во рамките на својата група е потешко.

Во голем број од етнички мешаните градови (на пример, Тетово, Гостивар, Кичево, Куманово), висок процент на македонски ученици изјавиле дека, воопшто, немаат контакт со Албанците (од 50.6% во Куманово до 33.6% во Тетово). Би можело да се констатира дека физичката блискост на етничките заедници не е гаранција за нивната интеракција, туку напротив, доколку постојат тензии, постои закана таа да се сведе на минимум.

Сличен е случајот и со учениците Албанци, кои во најголем процент се изјасниле дека имаат контакти со Македонците во срединитe каде се помалкубројни од Македонците (Велес, Битола, Ресен, Скопје). Забележително е дека релативно мал број од нив одговориле дека воопшто не контактираат со Македонците. Отсуството на контакти е најизразено во Струга (20,9%), Гостивар (23,1%) и Куманово (18.4%).



# Училиштето и меѓуетничките односи

Делот од прашалникот кој се однесуваше на образовниот систем, имаше за цел да ги испита ставовите на учениците во врска со улогата на училиштето и поединечните негови аспекти (наставници, учебници, соученици) во развојот и квалитетот на меѓуетничките односи. Овие фактори потоа беа корелирани со перцепциите кон одредени етнички групи, со цел да се испита можна поврзаност.

## Фактори од училиштето кои влијаат на формирање ставови за етничките заедници

### Наставници

Еден од најзначајните фактори во училиштето кои влијаат на формирањето на ставови се наставниците. Нивната улога не е само образовна туку и воспитна и би требала да биде проследена со развивање на позитивни морални вредности (вклучувајќи ги и меѓуетничките вредности). Имајќи го предвид ова, интересен е податокот дека речиси половината од испитаниците (47.6%) се изјасниле дека имаат слушнато (често или понекогаш) навредливи коментари за други етнички заедници од страна на наставниците (графикон 6). Иако релативно мал број ученици одговориле дека често слушаат вакви коментари од страна на наставниците, тоа го потврдиле значително поголем број Албанци во споредба со Македонци и Турци.

Нема разлики во поглед на честотата на слушање негативни коментари од страна на наставниците помеѓу учениците од градовите од источниот и западниот дел на Македонија, фреквенцијата во двата случаја соодветствува со генералниот тренд.

Резултатите укажуваат дека она што наставниците го кажуваат има влијание врз ставовите на околу 40% од учениците, а значајно погодува повеќе ученици од албанска (44.5%) отколку од македонска (34.1%) националност (графикон 7). Ова донекаде е очекувано имајќи го предвид податокот дека за Албанците наставниците се позначаен фактор кој го дефинира нивниот однос кон другите етнички заедници во споредба со учениците од другите националности (види табела 2 во прилог 4) Негативните коментари на наставниците имаат особено влијание доколку често се кажуваат.

Во одредени случаи, честото слушање негативни коментари значајно е поврзано со имањето на негативни чувства кон одредени етнички групи. Кај Македонците, честите коментари од страна на наставниците се поврзани со имање на негативни чувства

***Графикон 6:*** **Фреквенцијата на негативните коментари на професорите кон другите етнички групи**



***Графикон 7:*** **Влијанието на негативните коментари на професорите врз учениците**




кон Албанците, но не и кон Турците. Помеѓу Албанците, пак, иако наставниците се проценети како прилично значајни во формирањето на ставовите кон етничките групи, не е пронајдена поврзаност помеѓу нивните коментари и негативните чувства кон другите  етнички заедници.

## Соученици

Околу 40% од испитаниците се изјасниле дека чувствуваат притисок од соучениците од нивната етничка група да не се дружат со други етнички групи. Ваков притисок чувствуваат поголем процент од учениците Албанци (11% - често и 40% - понекогаш), а помал процент учениците Македонци и Турци (види графикон 8).

За Македонците притисокот од соучениците е поврзан со имање на негативни чувства кон Албанците, но не и кон другите етнички групи. Исто така, кај Албанците притисокот на врсниците е поврзан со поседувањето на негативни чувства само кон Македонците. Иако во прашањето не беше нагласена етничката група/групи за кои се врши притисок, најверојатно, кај Македонците тоа се Албанците и обратно.

Сепак, и кај двете најголеми етнички заедници притисокот од страна на соучениците не е поврзан со честотата на контакти со другите етнички групи.  Доста е веројатно дека контактот за кој зборуваат најчесто не е пријателски, туку едноставна интеракција која се јавува како резултат на заедничкото коегзистирање во една средина.

## Учебници

Иако релативно мал број од испитаниците ги посочија учебниците како фактор кој влијаел на формирањето свест за различните етнички заедници, тие, сепак, се сметаат за фактор кој може да влијае на ставовите кон другите заедници, врз што особено влијае начинот на кој тие се претставени во учебниците.

Во овој поглед ситуацијата помеѓу Македонците и другите поголеми

***Графикон 8:*** **Мислењето на учениците за притисокот од врсниците**






***Графикон 9:*** **Мислењето на учениците за тоа колку нивната етничка група е застапена во учебниците**




немнозински заедници значајно се разликува. Додека првите во најголем број (80%) сметаат дека нивната етничка група е соодветно претставена во учебниците, повеќе од 40% од останатите сметаат дека се несоодветно претставени (графикон 9). Она што загрижува е дека околу една третина од сите испитаници сметаат дека нивната етничка група не е соодветно претставена во учебниците.

# Причини за непријателства помеѓу ученици од различна етничка припадност во училиштето

Учениците истакнуваат три фактори кои според нив најмногу влијаат на појавата на непријателства (расправии, тепачки) помеѓу учениците од различна етничка припадност: предрасудите на учениците (43%), влијанието на политичките партии (43.8%) и културните разлики (44.2%). Сепак, учениците од различните етникуми не даваат приоритет на истите фактори. Додека за значително поголем број од Албанците во споредба со Македонците, позначајни се наставниците, културните разлики и начинот на раководење со училиштата кој фаворизира една етничка група; поголем дел од Македонците предрасудите на учениците ги сметаат за еден од главните фактори (види графикон 10, Табела 11 во прилог 4).

***Графикон 10[7]:*** **Мислењата на учениците за причините за непријателства во училиштата**




*7 Беше дадена можност за повеќе од еден одговор на прашањето, поради што збирот на процентите е поголем од 100.*

# Улогата на училиштето во унапредување на меѓуетничките односи

Учениците, очигледно детектираат голем број причини за напнатите меѓуетнички односи во училиштата, од кои дел директно се поврзани со училиштето. Поради тоа, беа прашани да ја оценат улогата на нивното училиште во развојот на позитивните меѓуетнички односи.

Мнозинството (речиси 70%) одговорија дека во рамките на нивното училиште се преземаат мерки (активни - 30% или помалку активни - 38%) за унапредување на меѓуетничките односи (графикон 11).

Овој став е најзастепен помеѓу учениците од турска припадност, веројатно, затоа што тие најчесто учат во етнички мешани средини, каде ваквите активности се почести. Понатаму, Албанците во поголем број сметаат дека училиштето презема активни мерки во споредба со Македонците, кои, главно, се изјасниле дека се преземаат одредени мерки.

***Графикон 11:*** **Промоција ма меѓуетничките односи од страна на училиштата**




Мерките кои ги презема училиштето не се доволни сами по себе, без мотивацијата на учениците да учествуваат во активности со ученици од други националности. Нивните одговори укажуваат дека кај големо мнозинство од учениците (80%) постои спремност да учествуваат во активности со ученици од други националности. Албанците во најголем процент искажуваат спремност за учество во вакви активности, додека Турците во најмал процент (види графикон 12, табела 13 во прилог 4).

Неспремноста, пак, да се учествува во вакви активности помеѓу Македонците е поврзана со имањето негативни чувства кон Албанците, Турците, а во помал степен и Ромите. Кај Албанците, пак, е поврзана со имањето негативни чувства кон Македонците и Ромите. Иако ваквите активности имаат за цел да ги намалат предрасудите кон другите заедници, постои ризик оние ученици кај кои негативните перцепции се најизразени воопшто да не се вклучат во нив.

Ученичките од македонска и албанска националност повеќе се склони кон учество во вакви активности во споредба со нивните соученици од иста националност; додека помеѓу Турците не постојат полови разлики во поглед на спремноста за учество.

Мотивацијата за учество во меѓуетнички активности, исто така, е поврзана со причините кои учениците ги сметаат за највлијателни за меѓуетничките тензии. Од оние кои сметаат дека културните разлики се доминантен фактор, поголемиот број не би учествувале во вакви активности, додека поголем број од оние кои сметаат дека тоа се предрасудите, би учествувале. Веројатно, културните разлики се перцепираат како нешто што е потешко да се надмине, додека предрасудите како полесно надминливи, и тоа особено преку контакти со другите. Истиот тренд се јавува и кај Албанците и Македонците.

Дополнителен податок е дека мнозинството испитаници (61.1%) искажале **согласност со изјавата дека 'Училиштата со мешан етнички состав придонесуваат кон подобри односи**



***Графикон 12:*** **Подготвеноста на учениците да учествуваат во заеднички активности со другите етнички групи**




**помеѓу етничките групи во земјата'**. Сепак, ставовите на испитаниците од различните етнички заедници значајно се разликуваат и во поглед на ова прашање. Од графиконот 13 може да се види дека учениците Турци во најголем број искажале согласност со оваа изјава (77.5%) додека учениците Албанци во нешто помал број се согласиле (68%), а Македонците во најмал број (57%) се согласиле со изјавата.

(Не)согласноста со изјавата е поврзана со ставовите кон одредени етнички групи. На пример, Македонците кои имаат негативни чувства кон Албанците и Турците во поголем број искажале несогласување со идејата за мешан етнички состав на училиштата во споредба со оние кои не се изјасниле дека имаат негативни чувства кон овие етнички заедници. Исто така, Албанците кои имаат повеќе позитивни, а помалку негативни чувства кон Македонците поверојатно е дека ќе се согласат со идејата за мултиетничност во образованието. Значи, оние кои веќе имаат изградено позитивни чувства кон одредена заедница или, пак, немаат изградено негативни чувства повеќе се склони да го прифатат концептот на мултиетнички училишта. Би можело да се заклучи дека првичниот однос (позитивен или негативен) кон другата заедница е пресуден за изградување на понатамошните ставови кон мултиетничност во образованието.

Согласноста со идејата за позитивните ефекти на мултиетичноста во образованието е поврзана речиси со сите училишни индикатори кои беа испитувани: поретко слушање на негативни кометари за другите заедници од страна на наставниците кај Македонците; помало влијание на негативните коментари на наставниците кај Македонците; отсуство на притисок од страна на соучениците да не се дружат со ученици од други етнички групи; спремност за учество во активности во училиштето со ученици од други етникуми; како и почести контакти со соученици од други националности.

Податокот укажува дека наведените фактори најверојатно се во меѓусебна интеракција и ставовите на наставниците и соучениците имаат влијание врз развојот на толеранцијата за добробитот од училиштата со мешан етнички состав, особено во случајот на учениците Македонци.

***Графикон 13:*** **Мислењата на учениците за влијанието на мешаните етнички училишта врз меѓуетничките односи**



## Студија на случај – Струга

Градот Струга беше избран како студија на случај земајќи ги предвид податоците добиени за високото ниво на непријателски чувства помеѓу учениците - двете најзастепени етнички заедници, Македонци и Албанци. Намерата е да се даде преглед на поединечните индикатори со цел да се утврди кои би биле можните причини за високото ниво на тензија помеѓу учениците од двете заедници.

Како што беше кажано погоре, во Струга, речиси сите припадници на иста етничка група кои одговориле на прашањето кон кои етникуми имаат **негативни чувства** дале едногласни одговори, т.е. убедливо најголем дел од Македонците искажале негативни перцепции кон Албанците и обратно. Сепак, важно е да се нагласи дека нешто повеќе од половината ученици (и од двата етникума) воопшто не одговориле на прашањето. Ова е интересен податок и може да значи дека тие се плашат да го искажат своето мислење, имајќи ги предвид етничките тензии кои се случуваа во градот во текот на претходната учебна година (2008/09).

Иако живеат и учат во етнички мешана средина, учениците Македонци и Албанци релативно ретко имаат **меѓусебен контакт**. Само околу една третина (30.8% од Македонците и 34.9% од Албанците) се изјасниле дека имаат чести меѓусебни контакти, додека поголемиот број имаат ретки контакти или воопшто не контактираат. И контактите со другите етнички групи се ретки (особено со Ромите), што укажува дека учениците прилично се затворени во рамките на својата етничка група и меѓусебните контакти, веројатно, се јавуваат како резултат на надворешна потреба (на пример, настан во рамките на училиштето), а помалку на лична иницијатива.

Најголемиот број ученици од двете етнички групи (88% Македонци и 74% Албанци) **причините за непријателствата во училиштето** ги гледаат во влијанието на политичките партии. Сепак, значително повеќе Албанци отколку Македонци (63% наспроти 21.7%) сметаат дека една од главните причини се културните разлики помеѓу етникумите. Двата најзначајни фактора се различни по својата природа, со тоа што првиот е надворешен и надвор од влијанието/контролата на учениците, а вториот внатрешен, меѓутоа комплициран за надминување.

Друг фрапантен податок е различното ниво на **прифаќање на ставот дека мешаниот етнички состав на училиштата придонесува кон подобри меѓуетнички односи**. Додека најголемиот број од учениците Албанци (73.3%) се согласуваат со овој став, помалку од една третина (28.6%) од Македонците го делат ова мислење. И покрај тоа, мнозинството (82% Македонци и 80% Албанци) изјавиле дека би учествувале во активности со соученици од други националности. Сепак, и покрај нивната мотивираност за учество во меѓуетнички активности, учениците во најголем број (43.6%) сметаат дека училиштето не презема мерки за унапредување на позитивните меѓуетнички односи, став кој е особено застепен помеѓу Македонците. Овој процент значително е повисок во споредба со остатокот од примерокот, иако станува збор за град во кој меѓуетничките тензии беа најизразени во изминатиот период.

Значаен е и податокот дека околу половината од учениците од двата етникума изјавиле дека имаат слушнато **навредливи коментари од страна на наставниците** упатени кон други етнички групи. Сепак, перцепцијата во врска со влијанието на овие коментари врз формирањето на сопствен став за другите етнички групи е различна, т.е. поголем дел од Албанците во споредба со Македонците сметаат дека коментарите на наставниците влијаеле во оформување на нивниот личен став. Сличен е случајот и со **притисокот од страна на соучениците** да не се дружат со ученици од други етнички групи, кој е позастепен кај учениците Албанци.

Генерално, ставовите на учениците од Струга се разликуваат во повеќе аспекти од остатокот од примерокот. Тие изјавиле дека почесто слушаат навредливи коментари од страна на наставниците, почесто имаат притисоци од учениците за недружење со врсници од други етникуми, во далеку повисок степен ги сметаат политичките партии и начинот на раководење со училиштата за клучни фактори за меѓуетничките тензии и во помал процент во споредба со остатокот од примерокот сметаат дека училиштето презема мерки за справување со тензиите. Овие податоци укажуваат на веројатноста дека значаен дел од негативните перцепции се предизвикани од надворешни фактори кои системски можат да се променат, меѓутоа, врз кои самите ученици имаат многу мало влијание.

# Заклучок

Свесноста за постоењето на други етнички заедници, според проценката на учениците се јавила во периодот од 6 до 14 година, додека ставовите за конкретни заедници кај најголем дел се развиле подоцна, по 10-тата година. Очекувано, како највлијателен фактор за формирање на свесноста од страна на сите ученици се наведени родителите, но како следни по важност се наведуваат медиумите (особено за Македонците) и пријателите (особено за Турците).

Помеѓу учениците Македонци и Албанци негативните чувства доминираат над позитивните. Карактеристично е тоа што негативните перцепции се најизразени во етнички мешаните градови (особено во Струга) и почесто се искажани од страна на момчињата од двете етнички заедници.

Резултатите укажуваат дека почестите контакти со другите етнички заедници се поврзани со имање на позитивни перцепции кон истите. Сепак, земено во целина, колку е побројна етничката група, толку е позатворена во рамките на својата група. Па така, учениците од македонска националност имаат најмалку контакти надвор од својата етничка група, додека Турците имаат најмногу контакти со учениците од останатите етникуми. Она што дополнително треба да се утврди е насоката на поврзаноста, т.е. дали контактите влијаат на развивање на позитивни чувства или, пак, позитивните чувства водат кон почести контакти. Сепак, живеењето во мултиетничка средина не подразбира неопходни и чести контакти. Во состојба на високи меѓуетнички тензии, меѓуетничката интеракција во овие средини честопати се сведува на минимум.

Училишните фактори (наставниците, соучениците, учебниците, училишните активности и сл.) прилично се испреплетени со останатите индикатори и имаат значително влијание на ставовите на учениците кон мултиетничноста и перцепцијата на другите етнички групи. Речиси, половината од учениците изјавиле дека имаат слушнато навредливи коментари од страна на наставниците кон други етнички групи, а околу една третина почувствувале притисок од страна на соучениците да не се дружат со ученици од други етникуми. Овие фактори ги чувствуваат поголем број на ученици Албанци во споредба со другите етнички групи. Сепак, главните причини за етничките тензии, според учениците не се директно поврзани со училиштето. Тоа се: предрасудите на учениците, влијанието на политичките партии и културните разлики.

И покрај високите меѓуетнички тензии кои ги уочуваат учениците, може да се забележи дека, поголемиот број од нив (од кои повеќе Албанци и Турци од Македонци) се со став дека мултиетничките училишта придонесуваат кон подобри односи помеѓу етникумите и кај големо мнозинство од нив (70%) постои мотивација за учество во активности со ученици од други националности.

Може да се заклучи дека иако предрасудите се високи, учениците се свесни за тоа и способни се прецизно да ги идентификуваат главните причинители на ваквата состојба. Имајќи ги предвид податоците дека почестиот контакт оди заедно со позитивни перцепции кон другите етнички заедници и генералната спремност на учениците за интеракција со ученици од други етникуми, активности во училиштето насочени кон почеста интеракција не се само добредојдени, туку и неопходни за разбивање на негативните предрасуди и надминување на културните разлики.

# Препораки за идните активности и истражувања

Додека целта на оваа студија беше да оствари подобро разбирање за широко распространетите перцепции помеѓу средношколците, нејзините резултати претставуваат основа за голем број препораки. Во исто време, стана евидентно дека постои потреба од понатамошни истражувања  и подлабоко разбирање на мноштво аспекти кои беа допрени во оваа студија.

Имајќи ја предвид раната возраст, кога се развива свесноста за етничката разноликост, од голема важност е улогата на училиштата во негувањето на позитивни чувства и разбирање помеѓу различните етнички заедници. Како дополнување на активностите развиени во соработка со училиштата, неопходно е вклучувањето на семејствата, пријателите и медиумите, бидејќи испитаниците ги идентификуваат како најзначајни фактори во создавањето свест за етничките разлики.

При планирање на активностите, треба да се земат  предвид факторите кои одделните етнички групи ги сметаат  како најзначајни причини за нетолерантноста. Додека мноштвото од етничките Македонци сметаат дека погрешната претстава и предрасуди кон другите етнички заедници играат значајна улога, поголемиот дел од етничките Албанци го истакнуваат значењето на наставниците, културните разлики и училишниот менаџмент во корист на одредена етничка група. Според тоа, активностите треба да покријат неколку аспекти на промените - од работата на предрасудите и прифаќањето на културните разлики до системски промени во менаџирањето со мултиетничките училишта.

Воншколските активности не треба да се фокусираат само врз заинтересираните ученици. Додека мултиетничките активности во училиштата имаат за цел намалување на предрасудите кон останатите заедници, постои ризик учениците кои најмногу развиле негативни перцепции да не земат учество во нив. Затоа вклучувањето на учениците во овие мултиетнички активности треба да оди рака под рака со останатите индиректни мерки за „омекнување“ на ставовите (на пример, промовирање на заедничките вредности преку медиумите, наставата, училишниот  менаџмент).

Додека сегашното истражување обезбедува подобро разбирање на голем број аспекти, тоа, исто така, ги истакнува и прашањата кои бараат дополнително испитување.
Со цел да се добие подобар преглед  на некои од резултатите, ќе биде од корист спроведување на понатамошно истражување за видот на контакти помеѓу учениците од различни етнички заедници, со цел да се определи дали тие се само површни или, пак, подлабоки и повеќе значајни контакти. Исто така, ќе биде неопходно да се добие поподробно разбирање за типовите на негативни коментари кои ги даваат наставниците и како тие се уочуваат од  учениците. Понатаму, приоритет  треба да се даде и на мерките кои училиштата тековно ги преземаат  за развој на позитивни меѓуетнички односи и како студентите гледаат на дадените мерки. Исто така, постои потреба да се определи дали мислењето на одредени студенти, дека нивната етничка заедница не е претставена објективно во наставните материјали е базирана на општи претпоставки или, пак, на конкретни примери. Подлабоки анализи се потребни за да се открие начинот на кој приказите на етничките заедници во учебниците можат да го обликуваат на меѓугрупни  перцепции и ставови.



# Прилози

## ПРИЛОГ 1: ПРАШАЛНИК

ОБРАЗОВАНИЕТО И  МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

ПРАШАЛНИК ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. На која возраст стана свесен/на за живеењето на различните етнички групи во земјата?
   а) На возраст од 2 до 5 години
   б) На возраст од 6 до 9 години
   в) На возраст од 10 до14 години
   г) После 14-годишна возраст

2. Кој или што придонесе да станеш свесен/на дека во земјава живеат припадници на другите етнички групи?
   а) Пријатели
   б) Родители
   в) Учители
   г) Весници, радио, ТВ и Интернет
   д) Учебници
   ѓ) Соученици

   Можеш да заокружиш најмногу ТРИ одговори

3. Напиши го името на етничкаат група/групи за која/кои имаш позитивни чувства:

   ________________________________________

   НЕ ја наведувај твојата етничка група!

4. Кога почна да ги развиваш овие позитивни чувства?
   а) На возраст од 2 до 5 години
   б) На возраст од 6 до 9 години
   в) На возраст од 10 до 14 години
   г) После 14-годишна возраст

5. Напиши го името на етничката група/групи за која/кои имаш негативни чувства:
   ______________________________________________________________

6. Кога почна да ги развиваш овие негативни чувства?
   а) На возраст од 2 до 5 години
   б) На возраст од 6 до 9 години
   в) На возраст од 10 до14 години
   г) После 14-годишна возраст

7. Колку често имаш контакт со следниве етнички групи во училиште? Доколку е потребно, дополни и други групи.
   Заокружи колку контакти си имал
   Македонци......................... често - ретко - немам контакт
   Албанци............................ често - ретко - немам контакт
   Роми.................................. често - ретко - немам контакт
   Турци................................ често - ретко - немам контакт
   Срби.................................. често - ретко - немам контакт
   _______......................... често - ретко - немам контакт

   НЕ ја заокружувај твојата етничка група

8. Кое е твоето мислење за следнава изјава? ,, Училиштата со мешан етнички состав придонесуваат кон подобри односи помеѓу етничките групи во земјата?”
   а) Се согласувам
   б) Не се согласувам

9. Дали имаш слушнато навредливи коментари од твоите професори за другите етнички групи?
   а) Често
   б) Понекогаш
   в) Никогаш

10. Ако си одговорил/а со ЧЕСТО И ПОНЕКОГАШ, дали тие коментари влијаеле на твојот став кон учениците од други етнички групи?
   а) Да
   б) Не

11. Дали чувствуваш притисок од соучениците од твојата етничка група да не се дружиш со другите етнички групи?
   а) Често
   б) Понекогаш
   в) Никогаш

12. Според тебе кои се најчестите причини за непријателства (расправии, тепачки и сл.) помеѓу учениците од различна етничка припадност во училиштата?
   а) Културни разлики како што се јазикот и обичаите
   б) Влијанието на наставниците
   в) Влијанието на политичките партии
   г) Доминантни ученици
   д) Предрасудите на учениците за други етнички групи
   ѓ) Начинот на раководење со училиштето кој фаворизира една определена етничка група
   е) Влијанието на весниците, радијата, ТВ и Интернетот

Можеш да заокружиш најмногу ТРИ одговори

13. Како би ја оценил улогата на твоето училиште во развојот на позитивни меѓуетнички односи?
   а) Активно ги унапредува позитивните односи помеѓу учениците од различните етнички групи
   б) Презема одредени мерки за унапредување на позитивни односи
   в) Не презема мерки за унапредување на позитивни односи, но треба да презема
   г) Не презема мерки, бидејќи има само една етничка група во моето училиште

14. Дали мислиш дека во учебниците твојата етничка група е претставена правилно?
   а) Да
   б) Не

15. Дали би учествувал/а во активности организирани во твоето училиштето, заедно со ученици од другите етнички групи?
   а) Да
   б) Не

Лични податоци:

16. Јас сум: машко женско (заокружи)

17. Припаѓам на следната етничка група ________________________

18. Училиштето се наоѓа во град/село ________________________



# ПРИЛОГ 2: ЛИСТА НА УЧИЛИШТА

| | ЛОКАЦИЈА | УЧИЛИШТЕ | ПРОФИЛ | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Скопје | СГУС „Димитар Влахов” | стручно | македонски и албански |
| 2. | Скопје | АСУЦ „Боро Петрушевски” | стручно | македонски и албански |
| 3. | Скопје | СУГС „Јосип Броз Тито” | гимназија | македонски и турски |
| 4. | Скопје | СУГС „ Зеф Љуш Марку” | гимназија | албански |
| 5. | Скопје | СМУГС „Д-р Панче Караѓозов” | стручно | македонски и албански |
| 6. | Скопје | ДУФК „Методи Митевски-Брицо“ | стручно | македонски |
| 7. | Куманово | СТУ „Наце Буѓони” | стручно | македонски и албански |
| 8. | Куманово | СОУ „Гоце Делчев” | гимназија | македонски и албански |
| 9. | Кратово | СОУ „Митко Пенџуклиски” | гимназија/ стручно | македонски |
| 10. | Крива Паланка | СОУ „Ѓорче Петров” | гимназија/ стручно | македонски |
| 11. | Свети Николе | СОУ „Кочо Рацин” | гимназија/ стручно | македонски |
| 12. | Штип | СОУ „Јане Сандански” | гимназија/ стручно | македонски |
| 13. | Штип | ДЕМУ „Коле Нехетин” | стручно | македонски |
| 14. | Радовиш | СОУ „Коста Сусинов” | гимназија/ стручно | македонски и турски |
| 15. | Струмица | ДСУ „Никола Карев” | стручно | македонски |
| 16. | Валандово | ОСУ „Гоце Делчев” | гимназија/ стручно | македонски |
| 17. | Велес | СОУ „Кочо Рацин” | гимназија | македонски и албански |
| 18. | Велес | ССОУ „Коле Неделковски” | стручно | македонски |
| 19. | Неготино | СОУ „Св. Кирил и Методиј” | гимназија/ стручно | македонски |
| 20. | Крушево | СОУ „Наум Наумовски-Борче” | гимназија/ стручно | македонски |

| | ЛОКАЦИЈА | УЧИЛИШТЕ | ПРОФИЛ | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Прилеп | СОУ „Кузман Јосифовски-Питу” | стручно | македонски |
| 22. | Прилеп | СОУ „Мирче Ацев” | гимназија | македонски |
| 23. | Битола | СОУ „Јосип Броз-Тито” | гимназија | македонски и албански |
| 24. | Битола | СОУ „Таки Даскало” | гимназија/ стручно | македонски |
| 25. | Битола | СОУЗ „Кузман Шапкарев” | стручно | македонски |
| 26. | Ресен | СОУ „Цар Самуил” | гимназија/ стручно | македонски, албански и турски |
| 27. | Демир Хисар | СОУ „Крсте П. Мисирков” | гимназија/ стручно | македонски |
| 28. | Охрид | ОСУ „Св. Климент Охридски” | гимназија/ стручно | македонски |
| 29. | Охрид | ОУТУ „Ванчо Питошевски” | стручно | македонски |
| 30. | Струга | СОУ „Нико Нестор” | стручно | македонски и албански |
| 31. | Струга | СОУ „Д-р Ибрахим Темо” | гимназија | македонски и албански |
| 32. | Кичево | ОСУ „Мирко Милески” | гимназија/ стручно | македонски и албански |
| 33. | Дебар | ЦСНО „Здравко Чочковски” | гимназија | македонски и албански |
| 34. | М. Брод | СОУ „Св. Наум Охридски” | гимназија | македонски |
| 35. | Гостивар | СОУ „Чеде Филиповски” | стручно | македонски, албански и турски |
| 36. | Гостивар | ЦСНО „Злате Малакоски” | стручно | македонски, албански и турски |
| 37. | Тетово | СОУТ „Ѓоце Стојчевски” | стручно | македонски и албански |
| 38. | Тетово | ОСЕУ„“8-ми Септември” | стручно | македонски и албански |
| 39. | Тетово | СОУ „Кирил Пејчиновиќ” | гимназија | македонски и албански |
| 40. | Тетово | СОМ „Никола Штејн” | стручно | македонски, албански и турски |



# ПРИЛОГ 3: ТАБЕЛИ

**Табела 1. На која возраст стана свесен/на за живеењето на различните етнички групи во земјата?**

| | Без одговор | На возраст 2-5 години | На возраст 6-9 години | На возраст 10-14 години | После 14- годишна возраст | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 7 | 220 | 1062 | 942 | 409 | 2640 |
| **%** | ,3% | 8,3% | 40,2% | 35,7% | 15,5% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 6 | 138 | 452 | 278 | 139 | 1013 |
| **%** | ,6% | 13,6% | 44,6% | 27,4% | 13,7% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 2 | 51 | 96 | 24 | 26 | 199 |
| **%** | 1,0% | 25,6% | 48,2% | 12,1% | 13,1% | 100,0% |
| **Други** | 0 | 26 | 62 | 55 | 37 | 180 |
| **%** | ,0% | 14,4% | 34,4% | 30,6% | 20,6% | 100,0% |
| **Вкупно** | 15 | 435 | 1672 | 1299 | 611 | 4032 |
| **%** | ,4% | 10,8% | 41,5% | 32,2% | 15,2% | 100,0% |

**Табела 2: Што придонесе да станеш свесен за постоењето на различните етнички групи?**

| | Пријатели | Родители | Наставници | Медиуми | Учебници | Соученици | Друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 989 | 1864 | 898 | 1644 | 393 | 377 | 67 | 6232 |
| **%** | 15,9% | 29,9% | 14,4% | 26,4% | 6,3% | 6,0% | 1,1% | |
| **Албанец/ка** | 465 | 770 | 454 | 412 | 180 | 93 | 16 | 2390 |
| **%** | 19,5% | 32,2% | 19,0% | 17,2% | 7,5% | 3,9% | ,7% | |
| **Турчин/ка** | 94 | 122 | 75 | 74 | 33 | 29 | 5 | 432 |
| **%** | 21,8% | 28,2% | 17,4% | 17,1% | 7,6% | 6,7% | 1,2% | |
| **Други** | 87 | 110 | 49 | 93 | 30 | 22 | 2 | 393 |
| **%** | 22,1% | 28,0% | 12,5% | 23,7% | 7,6% | 5,6% | ,5% | |
| **Вкупно** | 1635 | 2866 | 1476 | 2223 | 636 | 521 | 90 | 9447 |
| **%** | 17,3% | 30,3% | 15,6% | 23,5% | 6,7% | 5,5 | 0,9% | |

**Табела 3: Етничка група за која имаат позитивни чувства**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Бошњаци** | **Власи** | **Македонски муслимани** | **Ниедна** | **Сите** | **Други** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 41 | 263 | 540 | 348 | 804 | 56 | 172 | 35 | 140 | 110 | 116 | 2008 |
| **%** | 2,0% | 13,1% | 26,9% | 17,3% | 40,0% | 2,8% | 8,6% | 1,7% | 7,0% | 5,5% | 5,8% | |
| **Албанец/ка** | 226 | 15 | 397 | 71 | 30 | 61 | 12 | 11 | 1 | 15 | 17 | 685 |
| **%** | 33,0% | 2,2% | 58,0% | 10,4% | 4,4% | 8,9% | 1,8% | 1,6% | ,1% | 2,2% | 2,5% | |
| **Турчин/ка** | 83 | 74 | 3 | 9 | 9 | 13 | 1 | 0 | 1 | 4 | 5 | 147 |
| **%** | 56,5% | 50,3% | 2,0% | 6,1% | 6,1% | 8,8% | ,7% | ,0% | ,7% | 2,7% | 3,4% | |
| **Други** | 350 | 352 | 940 | 428 | 843 | 130 | 185 | 46 | 142 | 129 | 138 | 2840 |
| **%** | 12,3% | 12,4% | 33,0% | 15,1% | 29,6% | 4,6% | 6,5% | 1,6% | 5,0% | 4,5% | 4,8% | |

**Табела 4: Возраст на развивање на позитивните чувства**

| | **Без одговор** | **На возраст 2-5 години** | **На возраст 6-9 години** | **На возраст 10-14 години** | **После 14-годишна возраст** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 624 | 103 | 501 | 857 | 555 | 2640 |
| **%** | 23,6% | 3,9% | 19,0% | 32,5% | 21,0% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 256 | 44 | 181 | 320 | 212 | 1013 |
| **%** | 25,3% | 4,3% | 17,9% | 31,6% | 20,9% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 48 | 16 | 57 | 54 | 24 | 199 |
| **%** | 24,1% | 8,0% | 28,6% | 27,1% | 12,1% | 100,0% |
| **Други** | 56 | 17 | 32 | 44 | 31 | 180 |
| **%** | 31,1% | 9,4% | 17,8% | 24,4% | 17,2% | 100,0% |
| **Вкупно** | 984 | 180 | 771 | 1275 | 822 | 4032 |
| **%** | 24,4% | 4,5% | 19,1% | 31,6% | 20,4% | 100,0% |

**Табела 5: Етничка група за која имаат негативни чувства**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Бошњаци** | **Власи** | **Македонски муслимани** | **Ниедна** | **Сите** | **Други** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 9 | 1225 | 153 | 356 | 17 | 33 | 21 | 14 | 234 | 14 | 207 | 2283 |
| **%** | ,4% | 53,7% | 6,7% | 15,6% | ,7% | 1,4% | ,9% | ,6% | 10,2% | ,6% | 9,1% | |
| **Албанец/ка** | 326 | 41 | 54 | 155 | 251 | 1 | 6 | 0 | 4 | 0 | 29 | 867 |
| **%** | 37,6% | 4,7% | 6,2% | 17,9% | 29,0% | ,1% | ,7% | ,0% | ,5% | ,0% | 3,3% | |
| **Турчин/ка** | 11 | 45 | 0 | 11 | 21 | 2 | 0 | 0 | 15 | 0 | 5 | 110 |
| **%** | 10,0% | 40,9% | ,0% | 10,0% | 19,1% | 1,8% | ,0% | ,0% | 13,6% | ,0% | 4,5% | |
| **Други** | 3 | 52 | 9 | 14 | 2 | 3 | 1 | 2 | 16 | 0 | 8 | 110 |
| **%** | 2,7% | 47,3% | 8,2% | 12,7% | 1,8% | 2,7% | ,9% | 1,8% | 14,5% | ,0% | 7,3% | |
| **Вкупно** | 349 | 1363 | 216 | 536 | 291 | 39 | 28 | 16 | 269 | 14 | 249 | 3370 |

**Табела 6: Возраст на развивање на негативните чувства**

| | Без одговор | На возраст 2-5 години | На возраст 6-9 години | На возраст 10-14 години | После 14-годишна возраст | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 803 | 99 | 389 | 805 | 544 | 2640 |
| **%** | 30,4% | 3,8% | 14,7% | 30,5% | 20,6% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 265 | 60 | 186 | 255 | 247 | 1013 |
| **%** | 26,2% | 5,9% | 18,4% | 25,2% | 24,4% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 95 | 8 | 37 | 36 | 23 | 199 |
| **%** | 47,7% | 4,0% | 18,6% | 18,1% | 11,6% | 100,0% |
| **Други** | 83 | 12 | 24 | 29 | 32 | 180 |
| **%** | 46,1% | 6,7% | 13,3% | 16,1% | 17,8% | 100,0% |
| **Вкупно** | 1246 | 179 | 636 | 1125 | 846 | 4032 |
| **%** | 30,9% | 4,4% | 15,8% | 27,9% | 21,0% | 100,0% |

**Табела 7: Фреквенција на контакти со другите етнички групи во училиштето**

| | **Македонци** | | | **Албанци** | | | **Турци** | | | **Роми** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **често** | **ретко** | **нема контакт** | **често** | **ретко** | **нема контакт** | **често** | **ретко** | **нема контакт** | **често** | **ретко** | **нема контакт** |
| **Македонец/ка** | | | | 395 | 876 | 1086 | 500 | 989 | 882 | 359 | 1068 | 915 |
| **%** | | | | 16,8% | 37,2% | 46,1% | 21,1% | 41,7% | 37,2% | 15,3% | 45,6% | 39,1% |
| **Албанец/ка** | 332 | 375 | 113 | | | | 152 | 345 | 264 | 66 | 202 | 451 |
| **%** | 39,8% | 46,3% | 14,0 | | | | 20,0% | 45,3% | 34,7% | 9,2% | 28,1% | 62,7% |
| **Турчин/ка** | 116 | 50 | 9 | 78 | 51 | 32 | | | | 29 | 50 | 61 |
| **%** | 66,3% | 28,6% | 5,1% | 48,4% | 31,7% | 19,9% | | | | 20,7% | 35,7% | 43,6% |
| **Други** | 113 | 8 | 1 | 24 | 61 | 55 | 22 | 52 | 57 | 26 | 56 | 48 |
| **%** | 92,6% | 6,6% | 0,8% | 17,1% | 43,6% | 39,3% | 16,8 | 39,7% | 43,5% | 20,0% | 43,1% | 36,9% |

**Табела 8: Согласност со изјавата: Училиштата со мешан етнички состав придонесуваат кон подобри односи помеѓу етничките групи во земјата**

| | Се согласувам | Не се согласувам | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 1488 | 1124 | 2612 |
| **%** | 57,0% | 43,0% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 680 | 320 | 1000 |
| **%** | 68,0% | 32,0% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 148 | 43 | 191 |
| **%** | 77,5% | 22,5% | 100,0% |
| **Други** | 115 | 63 | 178 |
| **%** | 64,6% | 35,4% | 100,0% |
| **Вкупно** | 2431 | 1550 | 3981 |
| **%** | 61,1% | 38,9% | 100,0% |

**Табела 9: Фреквенција на слушање навредливи коментари од страна на наставниците за другите етнички групи**

| | Често | Понекогаш | Никогаш | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 110 | 1047 | 1471 | 2628 |
| **%** | 4,2% | 39,8% | 56,0% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 98 | 443 | 466 | 1007 |
| **%** | 9,7% | 44,0% | 46,3% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 14 | 103 | 82 | 199 |
| **%** | 7,0% | 51,8% | 41,2% | 100,0% |
| **Други** | 24 | 71 | 84 | 179 |
| **%** | 13,4% | 39,7% | 46,9% | 100,0% |
| **Вкупно** | 246 | 1664 | 2103 | 4013 |
| **%** | 6,1% | 41,5% | 52,4% | 100,0% |

**Табела 10: Фреквенција на чувствување притисок од соучениците да не се дружат со други етнички групи**

| | Често | Понекогаш | Никогаш | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 142 | 823 | 1647 | 2612 |
| **%** | 5,4% | 31,5% | 63,1% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 111 | 400 | 490 | 1001 |
| **%** | 11,1% | 40,0% | 49,0% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 8 | 54 | 133 | 195 |
| **%** | 4,1% | 27,7% | 68,2% | 100,0% |
| **Други** | 13 | 72 | 92 | 177 |
| **%** | 7,3% | 40,7% | 52,0% | 100,0% |
| **Вкупно** | 274 | 1349 | 2362 | 3985 |
| **%** | 6,9% | 33,9% | 59,3% | 100,0% |

**Табела 11: Најчести причини за непријателства (расправии, тепачки) помеѓу ученици од различна етничка припадност во училиштата**

| | Културни разлики | Влијание на наставници-те | Влијание на политичките партии | Доминантни ученици | Предрасуди на учениците | Начинот на раководење со училиштето | Влијание на медиумите | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 1078 | 270 | 1146 | 726 | 1233 | 498 | 658 | 2601 |
| **%** | 41,4% | 10,4% | 44,1% | 27,9% | 47,4% | 19,1% | 25,3% | |
| **Албанец/ка** | 505 | 148 | 416 | 296 | 307 | 319 | 203 | 987 |
| **%** | 51,2% | 15,0% | 42,1% | 30,0% | 31,1% | 32,3% | 20,6% | |
| **Турчин/ка** | 86 | 31 | 92 | 42 | 82 | 39 | 33 | 192 |
| **%** | 44,8% | 16,1% | 47,9% | 21,9% | 42,7% | 20,3% | 17,2% | |
| **Вкупно** | 1669 | 449 | 1654 | 1064 | 1622 | 856 | 894 | 3780 |
| **%** | 44,2% | 11,9% | 43,8% | 28,1% | 42,9% | 22,6% | 23,7% | 100,0% |

**Табела 12: Дали мислиш дека во учебниците твојата етничка група е претставена правилно**

| | Да | Не | |
|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 2083 | 511 | 2594 |
| **%** | 80,3% | 19,7% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 549 | 426 | 975 |
| **%** | 56,3% | 43,7% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 111 | 86 | 197 |
| **%** | 56,3% | 43,7% | 100,0% |
| **Други** | 113 | 59 | 172 |
| **%** | 65,7% | 34,3% | 100,0% |
| **Вкупно** | 2856 | 1082 | 3938 |
| **%** | 72,5% | 27,5% | 100,0% |

**Табела 13: Дали би учествувал/а во активности организирани во твоето училиште, заедно со ученици од другите етнички групи?**

| | Да | Не | |
|---|---|---|---|
| **Македонец/ка** | 2084 | 518 | 2602 |
| **%** | 80,1% | 19,9% | 100,0% |
| **Албанец/ка** | 829 | 159 | 988 |
| **%** | 83,9% | 16,1% | 100,0% |
| **Турчин/ка** | 136 | 56 | 192 |
| **%** | 70,8% | 29,2% | 100,0% |
| **Други** | 137 | 36 | 173 |
| **%** | 79,2% | 20,8% | 100,0% |
| **Вкупно** | 3186 | 769 | 3955 |
| **%** | 80,6% | 19,4% | 100,0% |